**ДОГОВОР ЗА ПРОДАЖБА НА ДАЛЕЧИНА**

Овој Договор за продажба на далечина е склучен на ден __________ година, во Скопје (во понатамошниот текст „Договор“), помеѓу:

1. ______________________________, со адреса на живеење на __________________ (во понатамошниот текст како „Продавач“)

и

2. Друштво за трговија и услуги БИЗНИС КОМУНИКАЦИИ ДОО увоз-извоз Скопје, со седиште на ул.Скупи 3А бр.39-1/12, Скопје-Карпош, со ЕМБС 6779131 и ЕДБ 4032012517142, застапувано од овластено лице - управител Ненад Јовановски од Скопје, со живеалиште на ул. Руѓер Бошковиќ бр.8/2-10, Скопје-Карпош, како Купувач,

Во понатамошниот текст заедно Договорни страни, а поединечно Договорна страна.

**ПРИ ШТО ДОГОВОРЕНО Е** како што следува:

Член 1

1.1. По пат на овој Договор, Купувачот ги купува производите кои ги нуди Продавачот а за кои производи двете страни претходно ги утврдиле состојбата и техничките карактеристики на производите како и понудената цена и останатите услови.

1.2. Купувачот се обврзува за производите кои се предмет на овој Договор, детално наведени во спецификацијата на секој производ (во понатамошниот текст „Спецификацијата“) која е составен дел на овој Договор да изврши плаќање на целокупниот износ согласно цените наведени во Спецификацијата а која цена е претходно понудена и прифатена од страна на Продавачот.

1.3. Продавачот со потпишување на овој Договор потврдува дека производите кои му ги продава на Купувачот, претходно му ги има доставено на Купувачот а Купувачот изјавува дека истите ги има примено и целосно е запознаен и согласен со состојбата на производите и нивните технички карактеристики (процес на верификација).

Член 2

2.1. Со склучување на овој Договор, Продавачот потврдува дека Купувачот претходно го запознал со Општите услови за работење на Купувачот односно на веб страната www.mowo.mk при што Продавачот е целосно запознаен со начинот на продажба, проверка, креирање на цена, евалуација и верификација на производот и слично и дека истите ги прифаќа во целост.

Член 3

Продавачот со потпишување на овој договор изречно изјавува дека е единствен и вистински сопственик на Производот - предмет на овој Договор (или дека имате право да ја пренесете сопственоста на кое било друго лице), дека Производот е во согласност со спецификациите опишани и естетски и технички, дека тоа е оригинален производ, кој може да се потврди кај производителот во секое време.

Член 4

Со склучување на овој Договор и исплата на понудената цена, производот станува исклучива сопственост на Купувачот и истиот има право производот без никаква дополнителна согласно да го продава на трети лица по пат на електронска продажба на својата е-продавница www.mowo.mk по цена и услови кои самиот ќе ги утврди.

Купувачот нема обврска да ги доплатува или побарува сите евентуални цени кои ќе се јават при продажбата на производот на трети лица.

Купувачот има право од понудената цена да задржи одреден износ кој ќе биде потребен за да се отстранаата евентуални недостатоци и оштетувања на производот а остатокот да му го исплати на Продавачот.

Член 5

За се што не е уредено со овој Договор, соодветно ќе се применуваат одредебите од Општите правила и услови на Продавачот како и Законот за заштита на потрошувачите, Законот за облигационите односи, Законот за електронска трговија и сите други релевантни законски и подзаконски акти.

Член 6

Во случај на евентуален спор произлезен од или во врска со овој Договор, страните се согласни да се обидат да го решат спогодбено, а во спротивно, тие се согласни за решавање на тој спор стварно и месно надлежен да биде Основниот граѓански суд Скопје.

Член 7

Договорот е склучен со посредство на средства за комуникација и тоа по пат на електронска трговија/електронска пошта во еден оригинален примерок, врз основа на кој се направени 2 (два) примероци, од кои по еден за секоја од договорните страни.

| | |
|---|---|
| За Продавач | За Купувач |
| ___________________ | ___________________ |

**С П Е Ц И Ф И К А Ц И Ј А**

**на производи**

| **Опис на артикл (марка и модел)** | **Шифра на артикл** | **Количина** | **Цена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| **ВКУПНО** | | | |

***Оваа спецификација претставува составен дел од Договорот за продажба на далечина и истата има важност само доколку е потпишана од двете страни.***

За Продавач

____________________

За Купувач

____________________